# Спремни се и да ме убијат


Ексклузивно из скопског затвора Идризово

Интервју

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ ЈОВАН

Спремни су и да ме убију

*Пале нам манастире, руше нам храмове, улазе насилно по кућама православних хришћана. И после свега тога се љуте што су их неки парламентарци Европског парламента назвали варварима*

Архиепископ охридски и митрополит скопски господин Јован у скопском затвору Идризово налази се од 26. јула ове године, због, како је наведено у пресуди, „распиривања националне, расне и верске мржње...

...ници или монаси, а да и не говоримо о верном народу. Они нам заиста недостају, па управо ради тога сматрамо да је затвор сличан паклу.

И у затвору и у паклу је могуће да не можеш наћи лица оних које волиш.

...римо. Оне су строго забрањене, јер тим књигама, како је званично објашњење, ми бисмо могли да ширимо српску пропаганду, а управо због тога смо осуђени. Наравно, како ви добро примећује-...

Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. Јован, во скопскиот затвор Идризово се наоѓа од 26ти Јули оваа година, поради, како што е наведено во пресудата, „распалување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост". За ова дело, со пресуда којашто наиде на осуда ширум светот, е осуден на 18 месеци затвор. Во меѓувреме, повторно со повеќе од спорна пресуда, е осуден на казна затвор од уште 12 месеци поради недокажано и непостоечко затајување на една донација од 57000 евра. Веднаш потоа следеше и нова тужба, повторно поради некакво затајување, за коешто ниту тужителите не можеа да наведат колкаво би можело да биде, доколку воопшто постои.

Сето тоа остава впечаток на политички прогон, поради оневозможување на работењето и опстанокот на Охридската Архиепископија.

НИН успеа, преку писмен пат, да стапи во контакт со Архиепископот Јован и да го направи ова ексклузивно интервју, во коешто, покрај останатото, се наоѓа и она што тешко пробива во медиумите – одговор на владиката на обвинувањата со коишто го товарат.

*Ваше Блаженство, како се однесуваат кон Вас затворските служби?*

Не ни паѓа најтешко тоа што е тврда постелата на којашто се одмараме, на тоа уште одамна сме навикнати, ниту тоа што храната е со многу лош квалитет, а ние сме шеќераш. На крај, не е страшно ни тоа што речиси нема греење, а прозорите по ќелиите се искршени, па температурата внатре е како да си надвор. Велат дека тоа спаѓа во програмата на превоспитување скоро во сите затвори. Малку е тешко тоа што во затворот воглавно луѓето се тешки. Ако на тоа се додаде дека си политички затвореник, тоа веднаш значи дека ти е уште потешко бидејќи си во немилост кај управата којашто главно постапува според утврдениот комунистички рецепт.

Можам да ви кажам дека човекот многу нешта може да издржи. Во комунистичките времиња, оние коишто биле политички затворани, покрај

лошите услови за живеење имале и редовна дневна доза на ќотек. Сега барем тоа го нема, оти со закон е забрането тепањето на затворениците сè до оној момент додека не ти наместат случај за којшто можеш да добиеш и по некоја воспитна.

Сепак, кога би требало прецизно да кажам што ни е најтешко во затворот, би рекол дека тоа е неможноста да ги видам лицата на оние коишто ги љубам. Не ни е допуштено да не посетат епископи, свештеници или монаси, а и да не зборуваме за верниот народ. Тие навистина ни недостасуваат, па поради тоа сметаме дека затворот е сличен на пеколот. И во затворот и во пеколот е возможно да неможеш да ги најдеш лицата на оние коишто ги љубиш.

*Дали можеби кон Вас имаат некаков поинаков третман бидејќи сте владика – Архиепископ, бидејќи не барате помилување коешто, би се рекло, индиректно Ви се нуди? Личната молитва неможат да Ви ја забранат, а имате ли можност за богослужење, можете ли да ги читате книгите коишто сакате...?*

Во сите извештаи коишто затворската управа ги дава до средствата за информирање се вели дека немаме никаков посебен третман, но статусот ни е како на сите затвореници. Од една страна го истакнуваат, значи, она првото, дека немаме привилегии, да не би биле нападнати од средствата за информирање дека ни дале „комфорен“ затвор, а од друга страна намерно се изостава спомнувањето на рестрикциите коишто ни се наложени. Да речеме, сите затвореници коишто се дојдени во затворот во исто време како и ние, значи во отворениот третман, излезени се на отсуство дома веќе неколку пати. Нас не нè пуштија сè додека не стигна писмото од медицинската установа дека татко ни е во бесвесна состојба. Потоа нè пуштија за неговиот погреб и тоа само 24 часа. Баравме да нè пуштат за деветодневен парастос, не нè пуштија. Веќе го рековме и тоа дека никој не смее да нè посетува. А што се однесува до богослужењата, или да ни донесат причест, за тоа не станува ни збор. На еден голем празник дојдоа свештеници пред затворската капија да ни донесат причест, но мене ниту ме известија дека се дојдени. Ги вратија без да ни допуштат да се причестиме.

Кај цивилизираните луѓе тоа би се сметало за варваризам. Што се однесува до книгите, тие мораат да поминат рецензија: дали смееме тие книги да ги читаме. Еднаш се случи да ни донесат некои книги на грчки јазик. Бидејќи во затворот немаше никој којшто го познава грчкиот јазик, книгите беа испратени до некој стручњаци од повисоките инстанци. Се покажа дека тие книги се пишувани на катареуса, а тие стручњаци го знаеле само современиот грчки јазик. Така, за некого е полесно во затворот да внесе дрога или било што недозволиво, отколку ние да внесеме книга на грчки јазик. За книгите на српски и да не говорам. Тие се строго забранети бидејќи со тие книги, според официјалното објаснување, ние би можеле да шириме српска пропаганда, а всушност заради тоа сме осудени. Се разбира, како што добро забележувате, невозможно им е да ни ја одземат внатрешната молитва, за којашто би рекол дека овде во затворот имам толку време како ретко кога во животот.

*Во меѓувреме се упокои Вашиот татко Аргир. Сите коишто го познаваа велат дека тешко ја поднесувал тортурата на којашто Вие сте изложени.*

*Како на таа тажна вест реагираа оние коишто Ве клеветат, обвинуваат и осудуваат?*

Беше длабоко верувашт човек. И што е можеби уште поважно, тој живееше еден литургиски циклус на животот. Во параклисот кадешто служиме тој стоеше во првиот ред, па сега некои ми кажуваат дека чувствуваат тага кога гледаат дека неговото место е празно.

Од почит и љубов тоа место уште никој не го пополнува. На погребот ние го нарековме свет во Господа. Од една страна, сите Христијани сме свети во Господа, а од друга страна тој е и пример на којшто мнозина можат да ја надградуваат својата побожност. Сè што стекнуваше во животот го остави на Црквата. Ние го сметаме за ктитор на манастирот „Свети Јован Златоуст“ и токму над неговиот гроб го замоливме Бога во погодно време да ни овозможи неговите мошти да ги пренесеме во манастирот што го подигна. Тоа, пак, колку лесно или тешко ги поднесуваше страдањата на Црквата во Р. Македонија, единствено Бог знае. Ние стоиме или паѓаме пред Бога, и единствено Он ги знае сите тајни на нашите срца, но и да е од камен човекот после сето ова што ни се случуваше, сметаме дека би рекол: доста е Господи!

Не беа тоа едно или две искушенија коишто Црквата ги претрпе, а со тоа директно и тој. Првин гледаше како нè навредуваат и прогонуваат од едно место на друго, потоа скоро секојдневните упади на полицијата во неговите станови, во коишто Црквата се собираше. Потоа полицијата му ја запали викендичката којашто со свои раце ја градел и којашто ја даде да биде манастир. Неколку месеци после тоа му ја срушија црквата којашто ја изгради до покривот. На крајот доживеа и синот на правда да му го затворат Бога ради.

Човекот едноставно немаше време да здивне. После еден удар доаѓаше вториот, а веднаш после тоа и трет. Но, на крајот, тоа го направи посјаен и потврд од дијамант. Бидејќи незнам што е повредно, тоа што блескаше со своите доблести, или тоа што страдањата го направија потврд од дијамант.

*Овие денови се случи на своето работно место да издивне судијата Мишко Стојковски којшто како судија на Основниот суд во Битола, Ве осуди на 18 месеци затвор, поради наводно „распалување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“. Како го доживеавте тоа?*

Можеби не е убаво да се зборува за гревовите на мртов човек, но заради историјата, сметаме дека не смее да се премолчат неговите црквоборство, безобразност и невоспитана дрскост.

Дури и кога би сакале да го оправдаме со изговорот дека морал да нè осуди бидејќи таква директива добил од властите, неговото богоборство неможе да се оправда. Тој не нè осуди само на 18 месеци. Пред тоа тој ист судија нè осуди за кривично дело „самовластие“ на една година затвор, условно. Сега тие казни се споени и треба да поминеме две ипол години во затвор поради неговите пресуди.

Не е проблемот во тоа што тој нас нè осуди. Некој треба да суди, а ако сме за нешто виновни, без оглед на нашата положба, можеме да бидеме и осудени. Работата е во тоа што во двата случаи тој нè осуди по прашања на верата. Значи она за што може само Бог да суди. Кога би извршиле

реконструкција на судењето, тоа би изгледало некако вака: погордевајќи се, дотичниот судија, сакаше да го узурпира местото Божјо, ѓаволот беше Јавниот обвинител, а на местото обвинет беше самиот Христос. Од една страна затоа што секој епископ е икона на самиот Христос, но од друга страна затоа што Христос бива суден секогаш кога некој од Христијаните е суден поради својата вера. Таквиот судија не треба да се проколнува бидејќи тој самиот себеси веќе се проколнал со тоа што се обидел да го узурпира местото Божјо. На главниот претрес ние тоа и му го рековме, дека ние не го проколнуваме, но дека тој самиот себеси се проколнува за две до три поколенија.

Сметаме дека е правилно тоа што Светиот Архиерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија го остави без посмртно молитвено спомнување. Сепак, тој е гонител на Црквата бидејќи заради минливи нешта одлучи да ја изгуби вечноста. Заради неговото унапредување во судија на Апелационот суд после нашето осудување, во што и успеа, тој одлучи повторно да го суди Христа.

*Како дојде до тоа да Ве осудат поради наводно затајување на 57 000 евра кога таквите обвинувања претходно во два наврати беа отфрлани?*

Околу таа донација од 57 000 евра којашто ја подари сегашниот градоначалник на Скопје господинот Трифун Костовски, работата е многу едноставна. Тие пари тој ги даде за реконструкција на храмот „Свети Пантелејмон“ во Велес, кадешто ние бевме Митрополит. Бидејќи Цркавата според важечките закони не можеше да располага со девизна сметка, тој тие пари, по претходен договор со нас ги уплати на девизната штедна книшка на благајникот на Велеската Митрополија, којштo токму за таа намена и отвори штедна книшка. Сето тоа се случуваше само неколку дена пред воспоставувањето на литургиско и канонско единство на Велеската Митрополија со Српската Православна Црква. После нашето протерување од Митрополијата, благајникот, бидејќи беше наше духовно чедо, доби отказ од расколниците, но штедната книшка ја зел со себе. Само да го напоменеме и тоа дека донаторот тие пари ги додели после веќе изработените проекти за реконструкција на столбовите на црквата, за воведување на греење, промена на инсталациите и озвучување на црквата. Фирмите доставија понуди и донаторот, откако ги одобри понудите ни ги даде нам тие пари за да можеме непосредно да вршиме надзор. Три месеци после нашето протерување никој не ги побара тие пари. Дури откако благајникот ги повлече од својата штедна книшка за да можеме да постапиме според договорот и проектите, Јавниот обвинител даде барање тој да биде притворен. Следниот ден, кога во судот го депониравме целосниот износ од 57 000 евра, со банковна камата од 180 евра за три месеци, благајникот беше пуштен од притвор. Тогаш беше првото судење каде што Јавниот обвинител сакаше да докаже дека ние сме сакале да ги присвоиме тие пари. Судот нè ослободи зашто немаше барање за гонење од оштетената МПЦ. Во суштина МПЦ не ни можеше да биде оштетена зашто никогаш не располагаше со тие пари. Донаторот не ги префрли парите на име на МПЦ, туку на книшката на благајникот. Така, ако некој можел да биде оштетен, тоа можеше да биде само донаторот. Но, кога тој виде дека парите ги депониравме во судот, не сакаше да поднесе барање за гонење.

Јавниот обвинител тогаш се најде во незгодна ситуација. За да не им пропадне обвинението и да го оправдаат притворот на благајникот тие прават еден невиден фалсификат. Дури после завршувањето на судењето, после добивањето на ослободителна пресуда, тие во списите додаваат фалсификуван предлог за гонење од страна на МПЦ. За голем срам на целокупното судство во Р. Македонија, коешто е навистина најкорумпирано на Балканот, Апелациониот суд во Скопје го прифаќа тој фалсификат кој дополнително е вметнат и препорачува ново судење. На второто судење се појави донаторот г-нот Трифун Костовски, се појавија и претставници на фирмите кои ги работеа проектите и коишто требаше да ја вршат реконструкцијата, и врз основа на нивните искази се докажа дека ние не сме имале намера да ги потрошиме тие пари за ништо друго освен за она за што беа наменети.

Донаторот дури сведочеше дека е сосем нормално што ние сакавме да го завршиме проектот, зашто токму поради нашиот авторитет тој и ги донирал парите. Судот повторно нè ослободи. Јавниот обвинител повторно ја обжали и таа нова пресуда со фактите дека и покрај тоа што се докажа дека ние не сме имале директна намера да ги присвоиме парите, постоела можност за „евентуална намера". Тоа го прифати Апелациониот суд и го врати делото на трето судење. При истите докази, значи без било што ново приложено од страна на обвинителството, без, повикување сведоци, едноставно од чиста мира истиот судија нам ни даде 2 години затвор, а на благајникот 1 година и 3 месеци. И тоа затоа што постоела можност „евентуално да ги затаиме тие пари".

Тоа, се разбира е брука на македонското судство, но нам ни се чини дека политичарите коишто раководат со „независното" судство, заслепени од злоба се покажуваат многу кратковиди. Мислат само како да нè стават во затвор, а тоа што не е испочитувана елементарната правда, што сево ова има мошне негативно влијание врз државата, тоа воопшто не ги загрижува. Тие, за жал, живеат од денес за утре, без било каква, визија за иднината.

*А од каде, пак, сега и обвинение за некакво затајување од 200 000 евра?*

Не знаеме, дали и Вие сте биле во искушение да наведете поголема сума од оваа, зашто во македонските медиуми сумата достигна и до 500 000 евра. Тоа е така зашто во обвинението не е утврдена вредноста, туку Јавниот обвинител нè обвинува за затајување на „значајна сума" пари. Така новинарите почнаа со сума од 10 000 евра, па тоа им се причини малку, тогаш полека почнаа да ја дигаат до 100 000 евра, 200 000 евра, и како што веќе кажавме, некои рекле дека сме затаиле пола милион евра.

Всушност, нам ни се става во товар тоа дека сме го затајувале целиот црковен буџет за три години наназад. Но, и да ги собереме сите тие буџети заедно, тоа не е повеќе од 150 000 евра. Кога би се кажало дека сето тоа е затаено, тоа значи дека тие три години во црквата не се делеле плати, не се плаќале трошоци за струја, греење, потрошни материјали и слично. Испаѓа, како некој упорно во црковниот буџет да уплаќал средства, а ние исто така упорно полни три години сме ги затајувале без некој да се буни што не прима плата, што не се плаќаат сметки, што не се одржуваат возилата итн.

Вештачењето покажа дека ниеден денар не фали. За сè се знае каде е потрошено и постои уредно сметководство. За да постои тоа кривично дело „затајување", некој требало претходно да ни довери некои пари или предмет, а

ние да го задржиме за себе или за некој друг. Но, такви пари и таков предмет според вештачењето нема. Ние не знаеме што Јавниот обвинител ќе изнесува како доказ, зашто судењето само што е почнато, но само после првото рочиште, мислам дека и на судијата и на средствата за информирање во Р. Македонија им стана јасно дека овде нема докази за некакво кривично дело. Кога државата сака некого по секоја цена да го осуди за финансиски проневери, му се измислува делото, „злоупотреба на службената положба“. Со задоволство би го сториле тоа со нас само кога би можеле зашто во тој случај, лесно е некој да се обвини дека парите се трошени за други намени, а не за оние коишто буџетот ги предвидел.

Но ние не сме службено лице, така што не потпаѓаме под одговорност на тој член од законот. Според тој член, според кој нè обвинуваат за затајување, мислам дека е невозможно нешто да докажат. Но на крај: што докажаа кога нè судеа за самовластие па нè осудија на 1 година затвор, што докажаа за делото „распалување на национална расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“, па нè осудија на година и половина затвор? Каков им е тоа доказ дека сме имале „евентуална намера“ да ги затаиме споменатите 57 000 евра донација, а тие нè осудија на 2 години затвор? Така и во овој случај доказите не се битни. Битно е каква политичка одлука донел Бранко Црвенковски.

По негова наредба ставани сме неколку пати во притвор, а конечно нè сместиле и во затвор. Пред сите покажува дека тој е „голем“ македонски фараон. Но, таквите фараони какви што биле Сталин и Хитлер историјата обично не ги почитува. Особено црковната.

*Со Вашиот прогон македонските власти како да сакаат да ја оневозможат работата на Охридската Архиепископија. Дали ќе им успее?*

Не само со нашето затворање туку и со сето она што се случи пред тоа и што се случува овие денови, тие не ги кријат своите намери. Ги прогонуваат Епископите, свештениците и монасите на Православната Охридска Архиепископија, а од неодамна тоа го прават и со верниот народ. Ни ги палат манастирите, ни ги уриваат храмовите, влегуваат насилно по куќите на православните Христијани. И после сето тоа се лутат што некои парламентарци од Европскиот парламент ги нарекоа варвари. Јас не знам дали во современиот речник постои некој уште попрецизен збор со кој би се изразила крајната нецивилизираност, верската нетолеранција, спротивставувањето на црковниот поредок, но истовремено и безвизионерството како и дипломатската нетактичност на македонската влада. Сметаме дека зборот варварин не може да ги опфати сите декадентни појави кај властите на Р. Македонија. Мене навистина ми е жал што мојата татковина се покажа во такво светло, подобро речено во таква темнина пред сиот свет.

Тоа што државната врхушка сосема безочно лаже дека не се меша во работите на Црквата е одлика на карактерите на тие луѓе, но најлошо е тоа што мислат дека некои во тие лаги верува. Од сето тоа најголема штета има македонскиот народ, прво затоа што Србите, а исто така и сиот останат цивилизиран свет, го поистоветува со таа варварска државна врхушка, и второ, затоа што поради малкумината нив коишто се на власт се создава омраза помеѓу македонскиот и српскиот народ. Што се однесува до тоа дали ќе успеат да ја уништат Црквата, категорично велам: НЕ! Црквата нема да пропадне затоа што

тие го затворија Архиепископот. Дури и во случај да го погубат, на што се спремни овие преоблечени комуњари. Ќе дојде нов, па трет и т. н.

Црквата добива најтешки удари кога некој ја разорува одвнатре. Вака, кога нападот е однадвор, Црквата станува сѐ посилна. Тоа илјадапати се докажало во историјата на Црквата. Тоа се покажува и сега. Колку што душманите повеќе удираат толу црковната духовност станува позрела, но истовремено и стадото се зголемува. Според онаа старата: „Крвта на мачениците беше семе за нови Христијани“.

*Вие очигледно не сакате помилување. Каков исход очекувате? Страдате Вие, а како што се гледа страдаат и други поради тоа што Вам Ви се прави?*

Ако дојде до помилување ние немаме право да го одбиеме. Не можеме или подобро кажано не смееме да останеме во затвор после евентуалното помилување. И доколку добиеме некој вонреден правен лек ние тоа нема да го одбиеме зашто секогаш сме говореле дека ќе ги користиме сите можни правни лекови. Тоа е добро од повеќе причини: прво, затоа што совеста ќе ни биде чиста бидејќи сѐ сме пробале, второ, заради меѓународната заедница којашто го следи процесот и трето, заради меѓународниот суд во Стразбур кон кого се обративме.

Но, говоревме нешто друго, и сега тоа да го повториме: нема да бараме помилување како да сме виновни, признавајќи дека сме сториле кривично дело за коешто нѐ осудија. Нас нѐ ставија во затвор сосема невиновен, и никогаш ни по било каква цена нема да признаеме дека сме виновни, затоа што ѝ служиме на Црквата, затоа што го исповедаме Православието, затоа што сакаме единство со останатите Цркви. На крајот на краиштата колку и да нѐ судат, што уште да измислуваат и накалемуваат, по важечките македонски закони најголемата збирна казна не смее да биде поголема од петнаесет години. Ако се илјада години пред Бога како еден ден како што вели Псалмопевецот, колку само малку сѐ петнаесет години робија за доброто на Црквата. Во сево ова едно е особено важно. Ниту една голема работа во Црквата, а особено лечењето на некоја ерес или раскол не била можна без страдање. Единството мора да се отстрада.